

**Панде Манојлов**

***АНГЕЛИ ОД АДОТ***

Како слепци
и ослепени воини
со еден едноок
сто нас да не води,
во тешки маки
и по илјада години
пак во Слепче,
слепи не донесоа,
на некоја икона од Ангела
без ангелско лице,
како раби божји
пред неа да се молиме...
Ние слепи
а царот наш уште послеп,
со Скифијас и Василиј
во Преспа на бела софра
ни го изедоа живо името
и телото кревко
за таа, сатанска икона
без ангелско лице
во која светот се крсти,
слатко да се слади
со нашите ослепени очи
како кавијар да се
од циронки дребни.
И слепи, сега,
фрлени на друм трнлив
во ноќ длабока и црна,

на друм без светлина
и патоказ јасен,
со високо кренати раце
кон Бога и небесата горе,
ајде да си го побараме
од Курбиново
ангелот македонски, наш,
а не таа,
сатанска икона
без ангелско лице
алабраца што се носи
со макро луцифер од адот,
по божји пат со ум и разум
тој ангел нас да не води!